ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: ЈАВНОСТА
Дата: 12 .01.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## Фондот-Трезор за јавно здравство

Почитувани,

Фондот за здравствено осигурување би сакал да Ве информира дека од 03.01.2011 година успешно го започна проектот- **трезорското работење за Јавно здравство**, односно Информационен систем за контрола на плаќања на ЈЗУ во Р.Македонија (ПЦИС).

Ова претставува голем проект за ФЗОМ поради добивање на нова функција на ФЗОМ, покрај купувач на здравствени услуги, да биде и банка-носител на платен промет за ЈЗУ.

Карактеристики на посебениот трезор за ЈЗУ во рамки на ФЗОМ се следни:

- ПЦИС претставува пофлексибилен трезор од постоечкиот во МФ,
- Комплементарен е со сите проекти за зајакнување на управувањето со ЈЗУ,
- Овозможува прецизно финансиско работење и подобро менаџирање со финансии на ЈЗУ,
- Овозможува транпарентност во финансиското работење и
- Подигнување на нивото на одговорност кај сите чинители на здравствениот систем.

Очекуваните краткорочни и среднорочни ефекти од воведувањето на трезорско работење на ЈЗУ се:

- точна евиденција на јавните здравствени приходи и расходи,
- дневни информации на сите приходи и расходи во сите ЈЗУ,
- навремено извршување на сите плаќања според средствата на сметките на поединечните ЈЗУ,
- намалување на трошоците на ЈЗУ за банкарски услуги/провизии,
- правилно планирање на сите приходи на ЈЗУ,
- наменско користење на располжливите средства во сите ЈЗУ
- подигнување на менаџерската улога на директори на ЈЗУ

ФЗОМ во рамките на проектот без дополнително ангажирање на кадар во изминатите неколку месеци спроведе или координираше голем број на активности: измена на три закони, донесување три правилници и две упатства за работа и една интерна процедура за работа, инсталирање и тестирање на хардверот и софтверот за ПЦИС, спроведување на три циклуси на обуки на сите ЈЗУ и вработените во подрачните служби на ФЗОМ, склучување на сите потребни

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

договори со учесниците во трезорот и платниот промет во Р.М. (Клириншки интер-банкарски системи (КИБС), Македонски интер-банкарски платен систем (Народна банка на РМ) и УЈП) .

Од 03.01.2011 година до денес во неколкуте работни денови успешно низ здравствениот трезорски систем проциркулираа 100 милион денари.

Истовремено, Фондот за здрвствено осигурување им се заблагодарува на Кралството Холандија и Светската банка за подршката за спорведување на овој проект. Имено, Кралството Холандија, преку грант ја финансираше набавката на хардвер и софтвер за трезор во вредност од 405 илјади евра.

Фонд за Здравствено осигурување на Македонија